# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**3194.**

Врз основа на член 30 став 1 алинеја 2 од Законот за трговија (*) („Службен весник на Република Македонија” бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.77/21, 215/21, 295/21, 150/22, 16/25 и 269/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 август 2026 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ ЦЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ ВО ТРГОВИЈАТА НА ГОЛЕМО И ТРГОВИЈАТА НА МАЛО

Член 1

Со оваа одлука се определуваат највисоките цени во трговијата на големо и трговијата на мало со училишен прибор и тоа на следните производи :

- ранци и ташни;
- тетратки, блокови, колажи;
- моливи и пенкала (економични, пластични);
- дрвени и мрсни боици;
- пластелин, теста за моделирање, подлоги;
-фломастери и текст маркери;
- темперни, акрилни, водени бои и четки;
- линијари и дидактички материјали;
- острилки и гуми за бришење;
- детски ножици;
- футроли и етуи ;
- лепак, шестар, дигитрони;
- украсна хартија;
- папки и картонски ташни и
- материјали за изработка.

Највисоките цени на производите од ставот 1 на овој член се утврдуваат на нивото на цените (со исклучок на цените на акциска продажба) кои се применувале на 1 јуни 2026 година во трговијата на големо, кои цени се намалуваат најмалку за 10%, како и во трговијата на мало (специјализирани продавници за продажба на училишен прибор, продавници за спортска опрема кои продаваат ранци и ташни и трговци на мало кои во својот асортиман на производи продаваат и училишен прибор), кои цени се намалуваат најмалку за 15% .

По исклучок од ставот 2 на овој член, за производите кои се набавени по 1 јуни 2026 година, највисоките цени за производите од ставот 1 на овој член се утврдуваат на нивото на цените евидентирани во Материјалната евиденција во трговијата на големо (Образец МЕТГ), кои цени се намалуваат најмалку за 10%, како и на нивото на цените евидентирани во Приемниот лист во трговијата на мало (Образец ПЛТ), кои цени се намалуваат најмалку за 15% .

Член 2

Трговците за вршење дејност трговија на мало, производите од членот 1 од оваа одлука, кои се поставени на полиците треба јасно да ги обележат со натписот „помалку трошоци, повеќе за тебе“, кој е објавен на веб - страницата на Министерството за економија и труд, како и со претходната продажна цена на која е утврдено намалувањето и новата намалена продажна цена.

Член 3

Највисоките цени на производите од членот 1 од оваа одлука ќе се применуваат од 25 август 2026 година до 30 септември 2026 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-7019/5
25 август 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**3195.**

Врз основа на член 10 став 5 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.229/20, 78/25, 132/25 и 250/25) и член 4 од Законот за Средно полициско училиште („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 258/25 и 79/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 август 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ СРЕДНО ПОЛИЦИСКО УЧИЛИШТЕ**

Член 1

Во Одлуката за основање Средно полициско училиште („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/26), во членот 5 зборовите „200 ученици“ се заменуваат со зборовите „310 ученици“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-7029/3
25 август 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.